РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
Бр. 04-4081/5
17-07- 2024 год.
СТРУМИЦА

# ЗАПИСНИК

Од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр.102/19) од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл.весник на РСМ бр.238/19) на ден 17. 07. 2024 година со почеток во 10.00 часот во просториите на Инспекциски совет Скопје пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на општина Струмица со Арх.Бр.09-4081/3 од 08. 07. 2024 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

- Ѓорги Аризанов- Советник инспектор за патен сообраќај во Одделението за инспекциски работи. Ментор на кандидатот за инспектор.

- Ѓорѓи Чукарски- Главен инспектор во Сектор за инспекциски работи.

- Николчо Стоилов- Советник Комунален инспектор во Одделението за инспекциски работи.

- Ресул Шемо- член од областа на градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт- Номиниран член од Инспекциски совет.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Христо Гогов на работно место Советник инспектор- општински инспектор за локални патишта и улици во Одделение за инспекциски работи при општина Струмица.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Христо Гогов изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекциски надзор.

Кандидатот презентираше вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот вонреден инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Христо Гогов, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

Планирање и подготовка за инспекциски надзор 15 бодови.

Спроведување на инспекциски надзор 30 бодови.

Затворање на инспекцискиот надзор 30 бодови.

Документирање на инспекцискиот надзор 15 бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Христо Гогов, го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоено 90 бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:

Почеток во 10.00 часот на ден 17. 07. 2024 година.

Завршување во 12 часот на ден 17. 07. 2024 година.

Комисија за полагање на практичниот дел од испитот за инспектор:

1. Ѓорѓи Чукарски ________________

2. Ѓорги Аризанов________________

3. Николчо Стоилов ____________

4. Ресул Шемо ________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА СТРУМИЦА * 1